РАФАЈЛОВСКИ ревизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

Март 2024


*РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ*

Орце Николов 190,
1000 Скопје

+389 (2) 30 88 900

info@rafajlovski.com.mk


Членка на

HLB WE ARE AN INDEPENDENT MEMBER OF THE GLOBAL ADVISORY AND ACCOUNTING NETWORK

# СОДРЖИНА

Вовед ..... 2

1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото ..... 2
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа ..... 3
3. Опис на управувачката структура на друштвото ..... 4
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на друштвото и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем ..... 4
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со член 20 од законот за ревизија ..... 6
6. Субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година ..... 6
7. Субјекти кај кои се извршени ангажмани за извршување на договорени постапки во врска со финансиски информации ..... 8
8. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени ..... 9
9. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во претходната година ..... 9
10. Финансиска информација ..... 9
11. Информација за основата по која се утврдува  хонорарот на овластениот ревизор ..... 10

# ВОВЕД

Согласно Законот за ревизија, друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во натамошниот текст (Друштвото) го објавува Извештајот за транспарентност за 2023 година кој содржи:

1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото;
2. Опис на професионална мрежа и правните и стрктурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Опис на управувачката структура на друштвото;
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот согласно Законот за ревизија
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
7. Изјава за независното рзботење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени ;
8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во претходната година ;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги ;
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

## 1. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е основано и запишано во трговскиот регистар како друштво со ограничена одговорност согласно Законот за трговските друштва во Скопје, Република Македонија на 03.11.1999 година со ЕМБС 5427606. Друштвото е заведено под број ДР018 во регистарот на друштва за ревизија при Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија и има Лиценца за работа за вршење работи во ревизијата со регистарски број 16 издадена на 23.08.2013 година од Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Со состојба на 31.12.2023 година друштвото има вработено вкупно 6 лица, од кои 5 на неопределено полно работно време и 1 лице на определено полно работно време.

Со состојба на 31.03.2023 година друштвото има вработено вкупно 8 лица, од кои 5 на неопределено полно работно време и 3 лица на определено полно работно време.

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје има основна главнина во износ од 163.900 денари и е во сопственост на едно физичко лице, овластен ревизор согласно Законот за ревизија и едно правно лице и тоа:

- Вера Рафајловска - овластен ревизор со главнина во износ од 120.900 денари или 74%
- Друштво за консалтинг РАФАЈЛОВСКИ КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје со главнина во износ од 43.000 денари или 26%.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и во странство, ниту пак е сопственик во други друштва во земјата и во странство.

Друштвото има годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија според полиса број 130200013225 со минимална сума на покривање од 400.000 ЕУР по штетен настан за период од 04.07.2023 до 04.07.2024 година.

## 2. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГАЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

Друштвото делува како локално друштво за ревизија на територијата на Република Северна Македонија, со цел давање услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Северна Македонија и е членка на ХЛБ Интернационал од 2010 година.

Како членка на мрежата друштвото е независно во професионалното обавување на дејноста и мрежата има право, преку свои овластени лица, во циклуси од 3 до 5 години, да врши контрола на квалитет на извршената работа на друштвото.

Последната контрола на квалитет од страна на групацијата е извршена во Јануари 2024 година.

ХЛБ Интернационал е глобална сметководствена и консултантска мрежа со 40.831 вработени, 1.128 канцеларии во 156 земји во светот и приходи поголеми од 4,44 милијарди УСД.

## 3. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО

Согласно Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/04...120/18), ("Службен весник на РСМ", број 290/20...99/22) и договорот за основање на друштвото, управувачката структура на друштвото е следната:

- Собир на содружници кој се состои од сите содружници погоре наведени и
- Двајца управители на друштвото, Вера Рафајловска, еден од содружниците, и Јасмина Рафајловска, избрани со одлука на Собирот на содружници.

## 4. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ДРУШТВОТО И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ

Политиките и постапките за контрола на квалитетот на работата во друштвото се донесени и усвоени врз основа на барањата на Законот за ревизија, како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Северна Македонија.

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на МСР 220 (ревидиран) Контрола на квалитетот на ревизорската работа и МСКК 1 Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги.

Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на друштвото, така и на секоја поединечна ревизија.

Основните цели на политиките и постапките за контролата на квалитетот на ревизорската работа кои се усвоени од страна на друштвото се:

- **квалитет во рамки на друштвото,** според кои, политика на друштвото е при извршување на ангажманот приоритет да му се даде на квалитетот на извршување кој треба да е основен критериум кој е релевантен при донесување на одлуки за оценка на извршената работа од страна на персоналот, неговото надгледување и унапредување, а исто така и да посветува доволно внимание за развој, документирање и поддршка на политиките и процедурите кои се однесуваат на контролата на квалитет;
- **извршување на ангажманот,** според кои, политика на друштвото е дека треба своите ангажмани да ги извршува во согласност со професионалните стандарди, законските и регулаторните барања и треба да дава извештаи кои се соодветни на околностите;

- **професионалните барања**, според кои, политика на друштвото е дека персоналот мора да се придружува на основните принципи на независност, интегритет, објективност, доверливост и професионално однесување;
- **етички барања,** според кои, политика на друштвото е дека треба во целост да ги исполнува сите етички барања кои се предвидени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања;
- **човечки ресурси,** според кои, друштвото има политика дека треба да поседува разумно ниво на сигурност дека тоа располага со доволен персонал со способност, компетентност и приврзаност со етичките барања, кои се потребни за извршување на ангажманите во согласност со професионалните стандарди, законските и регулаторните барања, како и дека треба да биде екипиран со персонал кој се стекнал и одржува соодветни стручни стандарди и соодветна професионална компетенција која се бара со цел да се овозможи персоналот да ги извршува своите обврски со должно внимание;
- **делегирање,** според кои, политика на друштвото е дека во вршењето на ревизорската работа треба да постои соодветен систем на насочување, надзор и преглед на работата на сите нивоа со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди;
- **консултации,** според кои, политика на друштвото е дека секогаш кога е потребно консултирање за одредени специфични и сложени прашања во рамките на самото друштво или со лица надвор од него истото треба да се врши со лица кои имаат соодветна стручност по тоа прашање;
- **прифаќање и задржување на клиенти,** според кои, политика на друштвото е донесувањето на адекварните одлуки за прифаќање или задржување на некој клиент да се врши во контекст на способноста,времето и ресурсите на друштвото адекватно да ја заврши доверената работа како и да води сметка за својот интегритет и секако да може да ги исполни етичките барања;
- **мониторинг,** според кои, политика на друштото е дека е потребно континуирано надгледување на адекватното и ефективно спроведување на политиките и постапките за контрола на квалитетот, дека политиките и процедурите кои него го сочинуваат се релевантни, адекватни и оперативно ефикасни, дека истите се применуваат при извршувањето на ангажманите и дека вклучуваат периодична инаспекција на случајно избрани завршени ангажмани.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните Стандарди за Ревизија, друштвото доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото.

Изјавата за ефективност на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 кон овој Извештај.

## 5. ДАТУМОТ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНАТА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО СО ЧЛЕН 20 ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРСМ е Декември 2023, за годината што завршува на 31.12.2022 година.

## 6. СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во текот на 2023 година има извршено ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2022 година на следните субјекти од Република Северна Македонија:

- 84 производни, трговски, услужни друштва и здруженија

| Реден број | Назив на друштво | Вид на ревизија |
|---|---|---|
| 1 | АГРОКОЖУВЧАНКА ДООЕЛ КАВАДАРЦИ | Договорна |
| 2 | АКТИВА ДОО ШТИП | Законска |
| 3 | АНА КОМ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 4 | АРС ЛАМИНА ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 5 | АС СЕЊАК ДООЕЛ КИЧЕВО | Законска |
| 6 | АКЦЕНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 7 | БАС ТУТИ ФРУТИ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 8 | БД БРОКЕР АД ТЕТОВО | Законска |
| 9 | Б1 СОЛУТИОНС ДООЕЛ СКОПОЈЕ | Договорна |
| 10 | БЕСИЈАНИ ДООЕЛ СТРУГА | Законска |
| 11 | БРАНКО ГАПО ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 12 | БУЛ БИЛДИНГ СТРУМИЦА | Договорна |
| 13 | БУЛМАК 2016 ДООЕЛ ПРОБИШТИП | Законска |
| 14 | ВИАТОР ВЕКТОР ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 15 | ВИНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 16 | ГРАНДПРОМ ЗУР ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 17 | ГОКИ ГМ ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 18 | ДЕБАРСКИ БАЊИ АД ДЕБАР | Законска |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | ДЕМА СТИЛ ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 20 | ДИЏИТАЛ ФАЈНАНС ИНТЕРНЕШНАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 21 | ДРВОПРОМ ДООЕЛ МОРОДВИС | Законска |
| 22 | ЕЛ ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 23 | ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ СКОПЈЕ | Договорна |
| 24 | ЕЛЕКТРОЕЛЕМЕНТ СТОИМИР ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 25 | ЕЛЕКТРОМЕТАЛ 1949 ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 26 | ЕЛЕНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ СТРУМИЦА | Законска |
| 27 | ЕВРОСТИЛ ДОО БИТОЛА | Законска |
| 28 | ЕНЕРГИЈА ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 29 | ЕОС БРОКЕР АД СКОПЈЕ | Законска |
| 30 | ЕУРОЛЕК ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 31 | ЕЦОТИП ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 32 | ЗАВОД ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ АД СКОПЈЕ | Законска |
| 33 | ЗД ИГНАЦИЈА ФМ БИТОЛА | Законска |
| 34 | ИНЕКС ГОРИЦА АД ОХРИД | Законска |
| 35 | ИНТЕРЕНЕРГО ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 36 | ИНТЕРАЛПИН ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 37 | ЈС ТРЕЈД ГРУП ДООЕЛ СТРУМИЦА | Законска |
| 38 | КАРНЕМ ДОО ГОСТИВАР | Законска |
| 39 | КИА МОТОРС МАЦЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 40 | КОНДЕВО МК ДОО ШТИП | Законска |
| 41 | КОЖУВЧАНКА ДОО КАВАДАРЦИ | Законска |
| 42 | КОРОНА ДОО НЕГОТИНО | Законска |
| 43 | КРИВОГАШТАНИ ПРОМЕТ ДОО ПРИЛЕП | Договорна |
| 44 | КСЕНОС ЕКСПОРТ ИМПОРТ ДЕМИР ХИСАР | Законска |
| 45 | ЛД ПРОПЕРТИ ДООЕЛ ТЕТОВО | Договорна |
| 46 | ЛУТХМАН БАЦКЛАУНД ФООДС ДОО БИТОЛА | Законска |
| 47 | ЛЦ ВАИКИКИ РЕТАИЛ МК СКОПЈЕ | Законска |
| 48 | МАЈ ПИЗЗА ДООЕЛ ДЕБАР | Законска |
| 49 | МАРКОВСКИ КОМПАНИ ДООЕЛ БИТОЛА | Законска |
| 50 | МАК КАБ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 51 | МБС ДООЕЛ ШТИП | Законска |
| 52 | МЕДИКУС ХЕЛП ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 53 | МИХАЈЛОВО ДОО КАВАДАРЦИ | Договорна |
| 54 | МИС КОМЕРЦ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 55 | МКМ ЕКСПРЕС ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 56 | МУЛТИПРОМ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 57 | НАТУСАНА МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 58 | НД РЕАЛ ЕСТАТЕ ДООЕЛ ТЕТОВО | Договорна |

| | | |
|---|---|---|
| 59 | НЕКСТСЕНС ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 60 | НЕКСТ Е ГО МОБИЛЕ ДООЕЛ ТЕТОВО | Договорна |
| 61 | НИМЕКС ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 62 | НОВОМАТРИКС ДООЕЛ БИТОЛА | Законска |
| 63 | НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 64 | ОАЗА СЛАВЕ ДООЕЛ ШТИП | Законска |
| 65 | ОДВ ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ СТРУГА | Законска |
| 66 | ПАБЛИК ПЛЕЈС ДОО КУМАНОВО | Законска |
| 67 | ПАРТИ СЕРВИС ЛЕО ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 68 | ПОРТА ИНЖЕНЕРИНГ ГРУП ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 69 | ПРЕМИУМ АГС ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 70 | РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД СКОПЈЕ | Законска |
| 71 | РОМАНТИК ХОТЕЛИ ДОО ВЕЛЕС | Законска |
| 72 | СЕПТИМА ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 73 | СКОПСКО ГРУП ДООЕЛ КАВАДАРЦИ | Законска |
| 74 | СТЕНТОН ГРАДБА ДОО БИТОЛА | Законска |
| 75 | ТЕРМАЛИФТ ДОО КУМАНОВО | Законска |
| 76 | ТЕРНА ЕНЕРЏИ ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 77 | ТЕХНОИНСПЕКТ ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 78 | ФИЛА ГРУПА ДОО СКОПЈЕ | Законска |
| 79 | ФК ШКЕНДИЈА АД ТЕТОВО | Законска |
| 80 | ХАУЗМАЈСТОР ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ | Законска |
| 81 | ХЕМОМЕТАЛ ДОО БИТОЛА | Законска |
| 82 | ЦЕТИС ДОО СКОПЈЕ | Договорна |
| 83 | ХИТ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО ДОЈРАН | Законска |
| 84 | ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ СКОПЈЕ | Договорна |

## 7. СУБЈЕКТИ КАЈ КОИ СЕ ИЗВРШЕНИ АНГАЖМАНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРЕНИ ПОСТАПКИ ВО ВРСКА СО ФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во текот на 2023 година има извршено ангажмани за извршување на договорени постапки во врска со финансиски информации за годината која завршува на 31 Декември 2022 година на следните субјекти од Република Северна Македонија:

- 2 производни, трговски, услужни друштва и здруженија

| Реден број | Назив на друштво | Вид на ангажман |
|---|---|---|
| 1 | ФК ШКЕНДИЈА АД ТЕТОВО | МСПУ 4400 |
| 2 | СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | МСПУ 4400 |

## 8. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО е дадена во прилог 2 кон овој Извештај.

## 9. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО за континуирана едукација на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 кон овој Извештај.

## 10. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје ги нуди следните услуги:

- услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки;
- дополнителни услуги за уверување во квалитет
- даночни советодавни услуги и
- други неревизорски услуги

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во 2023 година има остварено вкупен приход во износ од 15.368 (илјади денари) расчленет по следните видови приходи:

| Тип на услуга | 2023 (во 000 ден) | 2022 (во 000 ден) |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија | 12.620 | 11.077 |
| Даночни советодавни услуги | 1.652 | 1.482 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | 307 | 37 |
| Други неревизорски услуги | 789 | 134 |
| **ВКУПНО:** | **15.368** | **12.730** |

# 11. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Хонорарот на овластените ревизори се утврдува во вид на бруто плата согласно договорот за работа.

Скопје, 31.03.2024

Управител

Јасмина Рафајловска

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

**Прилог 1**

## Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните Стандарди за Ревизија, Друштвото РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во Друштвото.

Управител

Јасмина Рафајловска

## Прилог 2

### Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото

Друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО има усвоено политика на независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите клиенти и нивните поврзани субјекти. Во друштвото се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Управителот на друштвото е задолжен да ја утврдува независноста на друштвото во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава во период пред започнување на сезоната на активности.
- Управителот на друштвото е одговорен за одржување на листи на клиенти на друштвото, кои се достапни до сите партнери и вработени, при што сите партнери и сите вработени (вклучувајќи ги и новите вработени) ја утврдуваат својата независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на друштвото во период пред започнување на сезоната на активности.

Управител

Јасмина Рафајловска

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирана едукација на овластените ревизори**

Управителот на друштвото за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје изјавува дека согласно Законот за ревизија и донесените политики на друштвото во текот на 2023 година овластените ревизори посетуваа обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на професионалното континуирано усовршување од областа на сметководството и ревизијата, организирана од страна на Институтот за овластени ревизори.

Друштвото им овозможува на ревизорите и на асистентите ревизори да посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата, исто така им овозможува интерно организирани семинари и курсеви за обука и им обезбедува стручна литература од областа на ревизијата и финансиите.

Управител

Јасмина Рафајловска